20261281851

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1 точка а) 8 и став 1 точка в) 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014; 20/2015; 61/2015; 98/2015; 129/2015; 150/2015; 154/2015; 192/2015; 217/2015; 27/2016; 37/2016; 120/2016; 142/2016 и 171/2017; и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019; 77/2021; 285/2021; 60/2023; 154/2023, 209/2023, 144/2025, 154/2025; 91/26), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северена Македонија на седницата одржана на 28 мај 2026 година донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“број 17/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 179/2023,174/2024,199/2024 и 146/2025 година), во натамошен текст Листа на лекови, во членот 2 се врши следното дополнување:

Под лекот со АТЦ код B01AC24 Ticagrelol, се додава лекот со АТЦ код B01AF01-Rivaroxaban со негово вметнување во табелата при што во колоната „Режим на пропишување“ стои ознаката „RS“и се додаваат индикациски ограничувања:

B01AF01	Rivaroxaban*	20 mg	0	таблети/ tableta	ЈП/JP	RS

*Индикации:

10 mg филм обложени таблети:

- Превенција на венска тромбоемболија (ВТЕ) кај возрасни пациенти подложени на елективна замена на колк и колено (МКВ: I74)
- Терапија на длабока венска тромбоза (ДВТ) и белодробна емболија (БЕ) и превенција на рекурентна ДВТ и БЕ, кај возрасни (МКВ:I74)

15mg и 20 mg филм обложени таблети:

- Превенција на мозочен удар и системска емболија кај возрасни пациенти со невалвуларна атријална фибрилација со еден или повеќе ризик фактори, како што се конгестивна срцева слабост, хипертензија, возраст ≥75 години, дијабетес мелитус, предходен мозочен удар или транзиторен исхемичен напад (МКВ:I74)
- Терапија на длабока венска тромбоза (ДВТ) и белодробна емболија (БЕ) и превенција на рекурентна ДВТ и БЕ, кај возрасни (за пациенти со хемодинамска нестабилна БЕ) (МКВ:I74)

Педијатриска популација:

- 15mg филм -обложени таблети: терапија на венски тромбоемболизам (ВТЕ) и превенција на рекурентен ВТЕ кај деца и адолесценти на возраст под 18 години и со тежина од 30 до 50 kg по минимум 5 дена од почетна терапија со парентерални антикоагуланси (МКВ:I74)

- 20mg филм-обложени таблети: терапија на венски тромбоемболизам (ВТЕ) и превенција на рекурентен ВТЕ кај деца и адолесценти на возраст под 18 годинии и со тежина над 50 kg по минимум 5 дена од почетна терапија со парентерални антикоагуланси (МКВ:I74)

Член 2

Во членот 2 се вршат следните измени и дополнувања:

1. Кај АТЦ кодот A02BC02- генеричкото име Pantoprazole, таблети, до генеричкото име се додава „**“.

2. Кај АТЦ кодот A05AA02- генеричко име Ursodeoxycholic acid, капсули, во режим на пропишување RS -„болнички педијатар“ се заменува со „специјалист педијатар“ и се додава „специјалист гастроентерохепатолог “.

3. Кај АТЦ кодот A05AA02- генеричко име Ursodeoxycholic acid, перорална суспензија, во режимот на пропишување RS-„болнички педијатар“ се заменува со „специјалист педијатар“ и се додава „специјалист гастроентерохепатолог “.

4. Кај АТЦ кодот A07EC02- генеричко име Mesalazine**, таблети, супозитории и клизми, во режим на пропишување RS-„болнички педијатар“ се заменува со „специјалист педијатар“ и се додава „специјалист гастроентерохепатолог “.

5. Кај АТЦ кодот A09AA02- генеричко име Amilase+Lipase+Protease/ Pankreatin**, капсули, во режим на пропишување RS-„болнички педијатар“ се заменува со „специјалист педијатар“ и се додава „специјалист гастроентерохепатолог“.

6. Кај АТЦ кодот A11CC04 - гененричко име Calcitriol**, капсули, во режим на пропишување RS-„болнички педијатар “ се заменува со „специјалист педијатар“.

7. Кај АТЦ кодот C01BD01 - генеричко име Amiodarone**, таблети, во режим на пропишување RS – се додава „специјалист кардиолог“.

8. Кај АТЦ кодовите C02CA01- генеричко име Prazosin**, таблети и C02CA04- генеричко име Doxazosin**, ФДФ таблети во делот индикации RS – после зборот „уролог“ се додава „/уролошка хирургија“.

9. Кај АТЦ кодот C07AB07 – генеричко име Bisoprolol**, ФДФ таблети, кај генеричкото се бришат „**“ и „**Индикации: Хронична срцева слабост, хипертензија и ангина пекторис “.

10. Кај АТЦ кодот G03HA01, генеричко име Cyproterone, таблети во делот за режим на пропишување, RS- по зборот „уролог“ се додава „/уролошка хирургија “.

11. Кај АТЦ кодовите G04CA02, G04CA03, G04CB01 и G04CB02 во делот индикации RS – по зборот „уролог “ се додава „/уролошка хирургија “.

12. Кај АТЦ кодот H03AA01- генеричко име Levothyroxin, таблети, во режимот на пропишување RS се додава зборот „ендокринолог “.

13. Кај АТЦ кодовите H03BA02-генеричко име Propylthiouracil, таблети и H03BB02- генеричко име Thiamazole, таблети, во режим на пропишување RS се додава зборот „ендокринолог “.

14. Кај АТЦ кодот H03AA01- генеричко име Calcitonin, назален спреј, во режим на пропишување точките 1. и 2. се заменуваат со следниот текст: „специјалист/субспецијалист ендокринолог, ревматолог, хематолог, онколог и ортопед “.

15. Кај АТЦ кодот J01DD08- генеричко име Cefixime, таблети, до генеричкото име се додава ознаката „*“.

16. Кај АТЦ кодот J01DD08 - генеричко име Cefixime, суспензија, кај генеричкото се додава „*“.,

Во делот режим на пропишување се бришат зборовите: „R-лекот го пропишува избран лекар- специјалист педијатар самостојно.

Пред назнаката „Се применуваат како резервни антибиотици“се додава „*“.

17. Кај АТЦ кодот J01MA02 – генеричко име Ciprofloxacin, таблети, до генеричкото име се додава „*“.

18. Кај АТЦ кодот J01MA03 – генеричко име Pefloxacin, таблети, до генеричкото име се додава „*“.

19. Кај АТЦ кодот J01MA06 – генеричко име Norfloxacin, таблети, до генеричкото име се додава „*“ и пред назнаката „ Се применуваат како резервни антибиотици“се додава „*“.

20. Кај АТЦ кодот L04AA06, генеричко име Mycophenolic acid *2, капсули/таблети, во режим на пропишување RS-„болнички педијатар“ се заменува со „специјалист педијатар “.

21. Кај АТЦ кодот L04AA13, генеричко име Leflunomide**, таблети, АТК кодот „L04AA13 “ се заменува со АТК „L04AK01“.

22. Кај АТЦ кодот L04AD02, генеричко име Tacrolimus**, капсули, во делот Напомена, зборот „болнички педијатар “ се заменува со „специјалист педијатар“ и се додава „специјалист кардиолог, гастроентерохепатолог, нефролог и хематолог “.

Напомената „првите три месеци по трансплантација на орган, лекот се применува во болнички услови, а потоа може да се зема во аптека“ се брише.

23. Кај АТЦ кодот R03AK07, генеричко име formoterol, beclometasone**, инхалациски раствор под притисок, АТЦ кодот „R03AK07“ се заменува со „R03AK08“ и во режимот се додава „специјалист пулмолог и пулмоалерголог (за пациенти постари од 12 години).

24. Кај АТЦ кодот N03AX14, генеричко име levetiracetam, таблети и раствор за орална употреба, се брише ознаката со две ѕвезди „**“ до генеричкото име и индикациите, ограничувањето за индикациите да се брише –„Индикации: Тешки рефракторни епилепсии резистентни на други антиепилептици“, а во описот на режим RS текстот „лекот се пропишува по добиено мислење од клинички конзилиум или болнички конзилиум“ се заменува со текстот „по препорака на лекар специјалист- невролог“.

25. Кај АТЦ кодовите R03AK06 генеричко име Salmeterol, fluticasone**, прашок за инхалирање и R03AK07, генеричко име Budesonide, formoterol**, прашок за инхалирање, во режимот се додава „специјалист пулмолог, пулмолог педијатар и пулмоалерголог.

26. Кај АТЦ кодот R03BB04, генеричко име Tiotropium bromide**, прашок за инхалирање, капсула/раствор за инхалирање, во режимот се додава „специјалист пулмолог и пулмоалерголог.

Член 3

Во членот 3 се вршат следните измени и дополнувања:

1. Кај АТЦ кодот L01XC02, генеричко име Rituximab**, инјекции, кај АТЦ кодот „L01XC02 “,се додава „ L01FA01“.

2. Кај АТЦ кодот L01XC03, генеричко име Trastuzumab**, инјекции, кај АТЦ кодот „L01XC03 “, се додава „ L01FD01“.

3. Кај АТЦ кодот L01XE01, генеричко име Imatinib*, таблети, кај АТЦ кодот „L01XE01“, се додава „L01EA01“.

4. Кај АТЦ кодот L01XX14, генеричко име Tretinoin*2, капсули, кај АТЦ кодот „ L01XX14“, се додава „L01XF01“.

5. Кај АТЦ кодот L01XX17, генеричко име Topotecan*3, инјекции, кај АТЦ кодот „ L01XX17“, се додава „L01CE01“.

6. Кај АТЦ кодот L01XX19, генеричко име Irinotecan*4, инјекции, кај АТЦ кодот „ L01XX19“, се додава „L01CE02“.

7. Кај АТЦ кодот L04AA10, генеричко име Sirolimus*2, таблети, кај АТЦ кодот „ L04AA10 “, се додава „L04AH01“.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Истата ќе се објави по добивање согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01. јули 2026 година.

Бр. 02-11637/10
9 јуни 2026 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Дритан Даути, с.р.